Врз основа на член 15 став (11) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерката за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствените установи, казнено-поправни и воспитно – поправни установи, како и во домашни услови

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствените установи, казнено – поправни и воспитно – поправни установи, како и домашни услови.

Член 2

(1) Основното образование за учениците кои, поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести се на лекување подолго од три недели, наставата во здравствени установи и во домашни услови ја реализира училиштето каде што е запишан ученикот.

(2) Воспитно - образовната работа за учениците кои се на лекување подолго од три недели во здравствени установи и во домашни услови опфаќа реализирање на настава и други начини на работа со учениците во паралелки или индивидуално, во зависност од можностите на ученикот и неговата здравствена состојба.

Член 3

(1) За учениците од член 2 став (1) од овој правилник, наставата може да се реализира во домашни услови, или во здравствени установи преку учење на далечина со примена на електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано.

(2) Основното училиште каде што е запишан ученикот ја реализира наставата, обезбедува наставен кадар, програми и материјали, врши проверка и оценување на знаењето на ученикот и води педагошка евиденција за ученикот.

(3) Наставата преку учење на далечина се организира со користење на дигитални образовни платформи и алатки за поддршка на наставниот процес преку соодветни дигитални платформи и во согласност со Концептот за развивање на систем за

образование од далечина во основните и средните училишта во Република Северна Македонија и Упатството за методиката на наставата на далечина во основно и средно образование.

(4) Доколку ученикот согласно здравствената состојба може да следи настава со учење на далечина, тогаш училиштето ја реализира наставата со синхрона комуникација со користење на дигитални образовни платформи и алатки за поддршка на наставниот процес.

(5) Ученикот се вклучува во настава согласно распоредот на часови на паралелката заедно со своите соученици, односно се вклучува во индивидуални наставни часови во време согласно можностите на наставниците и ученикот.

(6) Основното училиште каде што е запишан ученикот, во зависност од условите, прави распоред за реализација на наставата за овие ученици, при што навремено ги известува учениците и родителите за распоредот.

(7) Доколку ученикот поради здравствената состојба не може да следи настава со учење на далечина со синхрона комуникација, тогаш училиштето организира настава со асинхрона комуникација, односно ученикот работи на зададените задачи од наставникот по пат на доставување на материјали и обезбедување на повратна комуникација.

(8) Ако училиштето има доволно кадровски потенцијал, наставниците можат да ја реализираат наставата во домот на учениците односно во здравствената установа каде се лекува ученикот во зависност од условите на ученикот во домот односно во здравствената установа, како и неговата здравствена состојба.

Член 4

(1) Наставата за учениците кои се на подолго лекување во здравствени установи и во домашни услови се реализира на нивниот мајчин јазик според наставниот план и наставната програма за соодветното одделение, со примена на диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата според здравствената состојба на ученикот, при што наставникот ја прилагодува програмата на здравствената состојба на ученикот за да се овозможи негово учество и постигнување на резултатите од учењето.

(2) Реализацијата на наставата обезбедува остварување на целите, очекуваните резултати и стандардите за наставната програма за соодветното одделение.

(3) Наставниот час е во траење од 40 минути, односно може да биде и пократко во зависност од здравствената состојба на ученикот.

Член 5

(1) Родителот, односно старателот на ученикот кој поради здравствени проблеми или хронични болести не може да посетува настава подолго од три недели, поради потребата за организирање и реализирање на наставата во домашни услови, односно здравствени установи додека ученикот е на лекување го известува училиштето каде е запишан ученикот и поднесува барање за организирање и реализирање на настава во здравствени или домашни услови.

(2) Барањето кое го доставува родителот/старателот содржи причини поради кои е неопходно да се реализира настава во домашни услови, односно здравствени установи и треба да биде проследено со мислење од лекар специјалист за спреченост на ученикот да оди на училиште и со очекувано време на спреченост.

(3) Основното училиште, во рок од три дена го разгледува барањето од став (1) на овој член, и може да го одобри или да го одбие доколку не постои медицинска оправданост и мислење од лекар специјалист за спреченост на ученикот да оди на училиште и да го информира родителот односно старателот за начинот и постапката за реализација на наставата во текот на училишната година.

(4) Основното училиште е должно при одлучувањето да ја има во предвид севкупна грижа за учениците односно грижата на учениците со здравствени проблеми и реализацијата на наставата да ја спроведува во блиска соработка со родителите/старателите и здравствените установи, а по потреба и со вклучување на Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат и Министерство за здравство.

Член 6

(1) За учениците кои се на лекување во здравствени установи или во домашни услови се води педагошка евиденција во дневникот на паралелката.

(2) По одобрување на барањето доставено од страна на родителите/старателите за организирање и реализирање на настава во здравствени установи, односно домашни услови, во електронскиот дневник во делот забелешка се евидентира дека за конкретниот ученик се организира и реализира настава со учење на далечина.

Член 7

(1) Во казнено-поправните установи се организира основно образование како дел од општиот систем на образование и воспитување и врз основа на барање и доставени податоци за осудени лица од страна на Министерството за правда - Управата за извршување на санкции.

(2) Секое осудено лице кое нема завршено основно образование се запишува во одделението кое одговара на степенот на неговото претходно образование и ја посетува наставата.

(3) Степенот на завршеното претходно образование се потврдува со свидетелство за завршено соодветно одделение.

(4) Доколку осуденото лице нема свидетелство за завршено соодветно одделение се спроведува тестирање за проверка на знаењето на претходното ниво на знаење, согласно Законот за основното образование, со што ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение во основното образование, најмногу за вклучување на осуденикот во шесто одделение од основното образование.

(5) Наставата се реализира на мајчин јазик на осуденото лице, по наставен план и наставни програми за основно образование на возрасните.

(6) Наставата се реализира од страна на основно училиште кое е верифицирано за образование за возрасни од страна на Министерството за образование и наука.

(7) Наставата во казнено-поправни установи се организира по одделенија во паралелки. Ако наставата не може да се организира по одделенија во паралелки за учениците во казнено-поправни установи, основното училиште за образование на возрасните организира индивидуална или групна воспитно-образовна работа.

Член 8

(1) Во воспитно-поправните установи се организира основно образование како дел од општиот систем на образование и воспитување и врз основа на барање и доставени податоци за штитениците од страна на Министерството за правда - Управата за извршување на санкции.

(2) Секој штитеник кој нема завршено основно образование се запишува во одделението кое одговара на степенот на неговото претходно образование и ја посетува наставата.

(3) Степенот на завршено претходно образование се потврдува со свидетелство за завршено соодветно одделение.

(4) Децата кои претходно биле вклучени во настава и се со возраст под 16 години, се запишуваат во соодветното одделение на основното образование врз основа на последно издадено свидетелство за завршено одделение.

(5) Доколку штитеникот нема свидетелство за завршено соодветно одделение, основното училиште за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи спроведува проверка на знаењата на децата, согласно Законот за основното образование. По извршената проверка на знаењата основното училиште издава потврда со која детето се запишува во соодветно одделение, најмногу за вклучување на штитеникот во шесто одделение од основното образование.

(6) Запишувањето на штитениците кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница се врши според Законот за основното образование.

(7) Основното образование во воспитно-поправните установи се реализира по посебен наставен план и наставни програми, а за учениците кои се над 16 годишна возраст според програмите за образование на возрасните.

(8) Основното образование во воспитно-поправните установи го реализира основно училиште кое има верификација за основно образование за возрасни и деца во воспитно–поправни установи. Наставата се реализира на мајчин јазик на штитеникот во воспитно–поправните установи.

(9) Наставата во воспитно-поправни установи се организира по одделенија во паралелки. Ако наставата не може да се организира по одделенија во паралелки за учениците во воспитно-поправни установи, основното училиште кое припаѓа во мрежата на установи за образование на возрасни организира индивидуална или групна воспитно-образовна работа.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно – поправни установи, како и во домашни услови бр.18-6575/1 од 06.07.2020 година.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр.18-9120/1
30.06.2025 година

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**